# *ООУ„СТИВ НАУМОВ“*

# *СКОПЈЕ*

## *ПРОГРАМА ЗА ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ*

***2023/2024***

***година***

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година е регулирана активноста: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер, чија цел е кај учениците изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот, развивање интерес за природата и градење еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе.

Во текот на учебната година за сите ученици до завршното одделение ќе бидат организирани еднодневни излети (есенски или пролетен), еднодневна наставно-научна екскурзија со учениците од III одделение, настава во природа за учениците од V одделение, дводневна наставно-образовна екскурзија со учениците од VI одделение и тридневна наставно-образовна екскурзија со учениците од деветто (завршно) одделение.

| Програмска содржина | Време | Место | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Октомври (I-IXодд.) | Св.Пантелејмон, Горно Нерези | Да овозможи одмор и рекреација на децата |
| Еднодневна екскурзија | мај III одд. | Струмица | Развивање другарство и социјализација на учениците;<br>Учениците непосредно да се запознаат со видовите населби;<br>Учениците непосредно да се запознаат со природните одлики на РС Македонија. |
| Дводневна екскурзија | мај VI одд. | западна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност. |
| Тридневна екскурзија | мај IX одд. | западна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, како и запознавање со природните убавини, стопански објекти и културно-историски споменици. Да овозможи одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност. |
| Еднодневен пролетен излет | мај (I - IXодд.) | Лешочки манастир „Св.Атанасиј“ | Одмор и рекреација, правилен развиток и напредок на ученикот, еколошка свест. |
| Настава во природа | април или мај (V одд.) | западна РС Македонија | Продлабочување и проширување на знаењата, одмор и рекреација, правилен развиток на ученикот, другаство и еколошка свест. |

Екскурзија е форма на воспитно - образовна работа со која на организиран начин се проширувaат општите и стручните знаења и ученичките сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно историските знаменитости на РС Македонија, традицијата и обичаите. Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

**Програма за настава во природа**
**во Охрид - за учениците од петто одделение**

***Време на реализација: пет дена во април или мај***
***Место на одржување: Охрид***

**Воспитно - образовни цели на наставата во природа:**

- Оспособување за самостојно изразување и творење.
- Развој на креативно мислење и љубопитност.
- Развивање навики за самостојно и групно решавање на задачи.
- Повторување на изучениот материјал за мерки и нивна примена во секојдневниот живот.
- Стекнување на знаења, способности и умеења за правилна интерпретација на народните песни.
- Да стекнат знаења за ритмичка изведба на народните ора.
- Проширување на знаењата за вештачко езеро, природни езера, извори.
- Да се потикнува развојот на самостојноста кај учениците и грижата за себе.
- Стекнатите знаења во училницата да се применат во конкретни ситуации на терен.
- Учениците да се активен дел од процес на едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на реката Вардар, Радика...
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со хидроцентралите и вештачките езера.
- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со релјефот.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби, археолошки ископини.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато.
- Учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во и околу Охридското Езеро.
- Да се запознат со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции.
- Позитивен однос кон верските и културните вредности.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.
- Да се поттикнува и развива другарството, меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

***Локации за посета и правци на патување***
**Прв ден:**

- Поаѓање од Скопје 8:00 часот до Охрид ќе се поминува од:
- Прилеп (посета на Горен град и Маркови кули).
- Битола (посета на Хераклеа).
- Пристигнување во Охрид (сместување во хотел, вечера и ноќевање).

**Втор ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Посета на манастирот Св.Наум Охридски“ и Наколно живеалиште „град на вода“ 9:00 до 12:50
- Ручек во 13:00 часот.
- Пишување на извештај од посетата од 17:00 до17:30 часот.
- Повторување за нашето минато 17:35 до 18:10 часот.
- Вечера во 19:00 часот.

**Трет ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Посета на Охрид.
- Разгледување на Плаошник и Самоилова тврдина.
- Цртање на манастирот.
- Ручек во14:00 часот.
- Одредување на површина на предмети и делови од природата.
- Скокови во далечина.
- Истражување: животински свет во водата и покрај водата.
- Повторување за нашето минато.
- Вечера во 19:00 часот.
-

**Четврти ден:**

- Појадок во 8:00 часот.
- Разгледување на релјефот на Охридското Езеро од 9:00 до10:00 часот.
- Писмена вежба: ,,Опис на езерото“ од 10:00 до 11:00 часот.
- Посета на Природнонаучен музеј во Струга  од 11:30 до 13:00 часот.
- Ручек во 14:00 часот.
- Пишување извештај од посетата на Природнонаучниот музеј од 16:00 до17:00 часот.
- Вечера во 19:00 часот.
- Учество во натпревар ,,Златен глас“.

**Враќање:**

Појадок во 8:00 часот и посета на:
Вевчани - Вевчански извори.
Поаѓање од Охрид пропратно со посета на градовите:
Дебар - ХЕЦ Шпиље, манастирот Бигорски.
Гостивар изворот на реката Вардар „Вруток“.
Враќање во Скопје.

***Содржини и опис на активности***
**Наставни содржини што ќе се реализираат за време на наставата во природа**

***Македонски јазик***

1. Изразување и творење - Пишуваме извештај од патувањето: Патуваме и ја запознавме татковината.
2. Истражувачка активност за Маркови кули.
3. Пишување сознанија за градот Охрид, неговите културно - историски карактеристики (чаршијата, занаети и др.).
4. Пишување извештај од посетата на Природнонаучниот музеј.
5. Обработка на песна „Убаво е во Мај“.

***Математика***

1. Мерки - повторување.
2. Одредување на површина на предмети и делови од природата.
3. Плоштина и периметар.
4. Работа со податоци.
5. Решавање разновидни задачи (собирање, одземање, множење, делење, равенки, текстуални, мерки, работа со податоци).

***Историја и општество***

1. Повторување за културно наследство на РС Македонија.
2. Квиз:Колку ја познавам РС Македонија.

***Музичко образование***

1. Нарони ора и песни.
2. Утврдување на темата фолклор „ Јас те пратив на вода Калино“.

***Ликовно образование***

1. Разгледување и сликање на езерото.
2. Ликовно изразување по доживување - слободна техника.

***Физичко и здравствено образование***

1. Натпревар - народна топка.
2. Фудбал, ракомет.
3. Елементарни игри.

Објектот во кој ќе се изведува наставата во природа ќе има најмалку една училница, опремена според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно образование во Република Северна Македонија.

За учениците со посебни образовни потреби, наставата во природа се организира со придружба, во согласност со видот и степенот на попреченост, при што придружник може да биде родител, старател, асистент, специјален едукатор и рехабилитатор.

***Носители на активностите:***

1. Гордана Мацкова
2. Славица Трипуноска
3. Јулијана Печевска
4. Благица Илијевска

***Раководител на наставата во природа:*** **Гордана Мацкова**

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација*:**

- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**За учениците кои не одат на настава во природа училиштето организира настава во училиштето**.

## Програма за еднодневен есенски и пролетен излет
## за учениците од прво до деветто одделение

***Време на реализација: еден ден во октомври и мај***
***Место на одржување: Св.Пантелејмон, Горно Нерези и Лешочки манастир „Св.Атанасиј“.***

**Воспитно - образовни цели:**

- Учениците да се запознаат со историјата на манастирот.
- Запознавање со поимите фреска и икона.
- Запознавање за различните легенди и преданија за манастирот.
- Запознавје (нагледно) со видовите населби и градби.
- Учениците да стекнат позитивен однос кон верските и културните вредности.
- Учениците да имаат интерес за природата и градење еколошки навики.
- Развивање на правилно држење на телото;
- Рекреација и развивање на спортски дух.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

***Локации за посета и правци на патување***
**Опис на активности:**

- Поаѓање од училиште во 9:00 часот.
- Пристигање, разгледување, набљудување и запознавање со манастирот.
- Разговор со кустоси, граѓани, свештени лица и објаснување за историјата, градбата и живописот.
- Фотографирање на објектите и предметите во околината.
- Организирање на мини турнир во фудбал, одбојка и разни активности со реквизити.
- Враќање во училиште 14:00 часот.

***Носители на активностите:*** **Одделенски раководители**

***Раководител на еднодневниот излет:*** **Бобан Величковски**

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација*:**

- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**За учениците кои не учествуваат на еднодневниот излет училиштето организира настава.**

## Програма за еднодневна екскурзија
## за учениците од трето одделение

***Време на реализација**: еден ден во мај*
***Место на одржување: Струмица, Колешински Водопади, манастир „Св.Леонтиј“ -Водоча***

**Воспитно - образовни цели:**

- Учениците да се запознаат со местоположбата на градот Струмица;
- Да стекнат знаења за историјата на градот Струмица;
- Изразно опишување на настаните - традициите од градот Струмица со околината;
- Учениците да се запознаат со значењето на градбите, мостовите, црквите, манастирите и локалитетите во источниот дел на Р.С. Македонија;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби, градби и легенди;
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Источна Македонија;
- Развивање на другарство и социјализација на учениците;
- Рекреација и развивање на дух за зачувување и негување на старите градби, обичаи и легенди.

***Локации за посета и правци на патување***
**Опис на активности:**

- Поаѓање во 8 часот пред училиште;
- Попатно разгледување на одликите на Источна Македонија;
- Посета на градот Струмица со запознавање на одликите и историското минато, традиции и обичаи на градот, легенда и негово опејување во народното музичко творештво;
- Посета на Колешински Водопади и разгледување и вреднување на природните убавини на нашата татковина;
- Посета на манастир „Св.Леонтиј“ –Водоча и објаснување за местоположбата, историјата, традицијата и карактеристиките на православните верски објекти;
- Враќање во 17 часот.

***Носители на активностите:***

1. Тања Гигова
2. Ивана Саздовска Спасиќ
3. Сузана Апостолова
4. Елизабета Каранфилова
5. Елена Боневска
6. Марина Јаковиќ

***Раководител на еднодневниот излет:*** Елена Боневска

***Начин на реализација:***

- Одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, а во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** Трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација*:**

- Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водич, лекар.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, а преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**За учениците кои не учествуваат на еднодневната екскурзија училиштето организира настава.**

**Програма за дводневна екскурзија**
**за учениците од шесто оделение - западна Република Северна Македонија**

***Време на реализација*: *два дена во мај***
***Место на одржување: Западниот дел на РС Македонија (Битола*)**

**Воспитно - образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини на татковината и развивање љубов.
- Развивање на еколошка свест за заштита на животната средина.
- Поттикнување на способноста за опишување на она што е во нивна непосредна околина.
- Проширување на знаењата за хронолошко и ретроспективно раскажување.
- Проширување на знаењата и пишување на извештај по одделна посета.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со објекти од стопанството на Република Северна Македонија и процес на производство.
- Учениците да развиваат позитивен однос кон националните, културните, индустриските и естетските вредности кои не опкружуваат.
- Учениците да имаат чувство за одговорност и дисциплина.
- Учениците да го развиваат другарството и меѓусебната социјализација во средината во која живееме.
- Да имаат позитивен пристап во комуникациите и подобри меѓусебни односи.

***Локации за посета и правци на патување***
**Опис на активности:**
**Прв ден:**

- Поаѓање од пред училиштето во 8:00 часот и посета на:
- Посета на археолошки локалитет Стоби
- Прилеп: посета на горен град и Маркови кули
- Прилеп: посета на црквата Свети Архангел Михаил – Варош
- Пристигнување во Битола¸ сместување во хотел, вечера, прошетка и ноќевање

**Втор ден:**

- 8:00 часот - појадок во хотелот.
- Битола: посета на археолошки локалитет Хераклеа
- Битола: посета на Спомен собата на Мустафа Ќемал Ататурк
- 13:00часот - ручек во хотелот
- Посета на Национален парк Пелистер
- Поаѓање за Скопје

**Враќање:** со пристигнување во 18:00 часот.

***Носители на активностите*:**

1. Алелксандар Каровски
2. Виолета Радулова
3. Благица Блажевска
4. Благица Јованова

***Раководител на дводневна екскурзија:*** Александар Каровски

***Начин на реализација:***

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација*:**

- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, туристички водач, лекар.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

На сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**За учениците кои не учествуваат на дводневната екскурзија училиштето организира настава.**

## Програма за тридневна екскурзија
## за учениците од деветто одделение - западна РС Македонија

***Време на реализација*: *три дена во мај***
***Место на одржување*: *Западниот дел на РС Македонија (Охрид)***

**Воспитно - образовни цели:**

- Запознавање на учениците со појавите и односите во непосредната општествена средина, кои ги проучуваат во училиштето.
- Запознавање и развивање на културното наследство и стопанските постигнувања.
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики.
- Рекреативно-здравствено воздигнување на учениците.
- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања.
- Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охридското Езеро.
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато.
- Развивање на другарство и социјализација на учениците.

***Локации за посета и правци на патување***
**Опис на активности:**
**Прв ден:**

- Патување од Скопје до Охрид поаѓање во 8:00 часот со посета на:
- Тетово - Лешочки манастир „Св.Атанасија“.
- Гостивар - изворот на реката Вардар „Вруток“.
- Вевчани - (Вевчански извор).
- Пристигнување во Охрид во 18:00 часот (сместување, вечера и ноќевање).

**Втор ден:**

- 8:00 часот -појадок.
- 9:00 часот - посета на Билјанини извори и манастирот „ Св. Наум Охридски“, Наколно живеалиште ,,град на вода“
- 14:00 часот – ручек
- 16:00 часот -Прошетка и разгледување на центарот на Охрид..
- 19:00 часот – вечера

**Трет ден:**

- 8:00 часот - појадок.
- 10:00 часот -13:00 часот посета на црквата „Св. Софија“, „Св.Јован Богослов-Канео “, Самоилова тврдина, Антички театар.
- 14:00 часот - ручек.
- Тргнување за Скопје со попратна посета на Бигорски манастир.

**Враќање:** со пристигнување во 18:00 часот

***Носители на активностите*:**
1. Олга Добревска
2. Олгица Ристовска
3. Билјана Ристоска

***Раководител на тридневна екскурзија:*** Олга Добревска

***Начин на реализација:***
- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите, во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

***Финансирање:*** трошоците на патувањето ги сносат родителите.

***Техничка организација*:**
- висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на  сместување, туристички водач, здравствено лице.
- превозникот доставува доказ - записник за извршен вонреден технички преглед на возилото, не постар од 6 месеци.
- лекарско уверение за возачот не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел во период од 12 часа пред патувањето.
- директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред започнување на патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и на вработените кои учествуваат во изведување на екскурзија им издава патен налог за службено патување.

***Начин на вреднување и користење на резултатите:***

на сите одредишта ќе се следи работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За оние ученици кои од економски причини не можат да учествуваат на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, директорот може да обезбеди нивно учество преку сопствени извори на училиштето, донации, спонзорства или други извори.

**За учениците кои не учествуваат на тродневната екскурзија училиштето организира настава**.

***Стручен тим за подготвување на екскурзии:***
Гордана Мацкова
Елена Боневска
Виолета Радулова
Дарко Димитријевиќ

***Директор***

**м-р Лилјана Стефановска**

__________________________